Број: 02-6068/55
Датум: 23.12.2024 година
Скопје

Врз основа на член 4 од Одлуката за распишување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје број 02-6068/1 од 18.11.2024 година, Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје на ден 23.12.2024 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за прекин и поништување на гласањето за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје

Член 1

Се прекинува гласањето за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје, започнато на ден 23.12.2024 година (понеделник) во 10 часот, поради утврдени грешки во избирачките списоци на студенти по години доставени од Одделението за студентски прашања.

Член 2

Се поништува гласањето спроведено на ден 23.12.2024 година од 10 часот до прекинот односно до 13:15 часот.

Член 3

**Изборот за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат повторно со тајно гласање online на ден 25.12.2024 година (среда), преку лиценцирана платформа за електронско гласање, која што ја гарантира тајноста на гласањето, во период од 10 до 17 часот.**

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на интернет-страницата на Факултетот.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Одлука за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје број 02-6068/1 од 18.11.2024 година, се распишаа избори кои започнаа да се спроведуваат со тајно гласање online на ден 25.12.2024 година (среда), преку лиценцирана платформа за електронско гласање, која што ја гарантира тајноста на гласањето, од 10 часот.

По започнување на изборите во период од 11 до 13 часот, на официјалната маил адреса на Факултетот (medf@medf.ukim.edu.mk) пристигнати се 25 (дваесет и пет) маилови со укажувања на студенти дека добиле несоодветни гласачки ливчиња за да гласаат за членови во Факултетското студентско собрание од други студиски години, а не од годината во која имаат запишан зимски семестар во академската 2024/2025 година.

Врз основа на наводите во известувањата, спроведена е проверка на избирачките списоци од страна на Одделението за студенстки прашања и утврдени се грешки во избирачките списоци кои се предадени на Изборната комисија, односно утврдено е дека поголем број на студенти се ставени во несоодветна година и со тоа добиле несоодветно гласачко ливче, односно гласачкото ливче кое што го добиле не соодвествува со студиската година во која имаат запишан зимски семестар.

Согласно горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Изборна комисија:**

1. Проф.д-р Анита Арсовска – член
2. Проф.д-р Александар Станков – член
3. Ангела Костова, студент – член
4. Владимир Аневски, студент – член
5. Искра Чупетреска, студент – член

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Медицински Факултет
Република Северна Македонија
1
СКОПЈЕ